Fighting false news narratives



# РУСКИТЕ НАРАТИВИ ЗА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Февруари 2022

# СОРДЖИНА


3 ВОВЕД

4 РУСКИТЕ НАРАТИВИ ЗА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

- 4 ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ФАКТИ
- 6 ПАКТОТ МОЛОТОВ-РИБЕНТРОП – СССР НЕ БИЛ НЕУТРАЛЕН ПРЕД ВОЈНАТА, И НА НЕЈЗИНИОТ ПОЧЕТОК
- 9 ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПАКТОТ МОЛОТОВ-РИБЕНТРОП ЗА ВРЕМЕ НА ВОЈНАТА – ПОЛСКА И ЗЕМЈИТЕ ОД ИСТОЧНА ЕВРОПА БИЛЕ ОКУПИРАНИ ОД СССР
- 10 КРАЈОТ НА ПАКТОТ МОЛОТОВ-РИБЕНТРОП – СССР СМЕНИЛ СТРАНА ВО ВОЈНАТА
- 11 ОФИЦИЈАЛНИОТ КРАЈ НА ВОЈНАТА – ВОЈНАТА ВО ЕВРОПА НЕ ЗАВРШИЛА НА 9 МАЈ
- 11 ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПАКТОТ МОЛОТОВ-РИБЕНТРОП ПОСЛЕ ВОЈНАТА – СССР НЕ ГИ ОСЛОБОДИЛ НАРОДИТЕ НА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА
- 12 СССР ГО ОСУДУВА ПАКТОТ МОЛОТОВ-РИБЕНТРОП
- 13 ПУТИН ЈА РЕВИДИРА ИСТОРИЈАТА

15 РУСКИТЕ НАРАТИВИ ЗА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- 15 ВОВЕД
- 16 ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ
- 17 РЕЗИМЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1948-1990
- 20 РЕЗИМЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1991-2022

25 ИЗВОРИ

- 25 СТАТИИ И ДОКУМЕНТИ
- 27 УЧЕБНИЦИ (ПОДРЕДЕНИ ХРОНОЛОШКИ)

© 2021 Граѓанска асоцијација МОСТ/Борба против лажни вести и наративи (FN)

**Директни прашања до:** Граѓанска асоцијација МОСТ/Борба против лажни вести и наративи (FN)

Лондонска 96, 1020 Скопје

Република Северна Македонија

**E-mail:** most@most.org.mk

**Програмски менаџер и уредник:** Росана Алексоска

**Автори:** Росана Алексоска, Златко Димитриоски и Дарко Алексов

**Придонес во истражувањето:** Магдалена Алексоска и Живко Мицкоски

**Дизајн:** Марина Стојмирова

**Извор за фотографијата на насловната страница:** Wikimedia Commons

Мислењата, наодите и заклучоците или препораките искажани во оваа студија се на спроведувачите/авторите и не мора да значи дека ги одразуваат оние на донаторите на проектот FN.

# ВОВЕД

*Ова истражување ги анализира различните наративи за Втората светска војна кои ги промовира Русија, како и нивното присуство во учебниците по историја во Северна Македонија. Иако СФР Југославија не беше дел од Варшавскиот пакт и не беше под советско влијание после 1948 година, сепак таа беше социјалистичка земја, и ова може да се смета како еден од факторите кои придонесуваат за континуираното присуство на руските наративи за Втората светска војна во поранешната држава, па оттаму и во Северна Македонија.*

*Првиот дел од истражувањето ќе покаже дека преку суптилни извртувања, промени или испуштање на одредени факти, како и користејќи го фактот дека Советскиот Сојуз ја промени страната во текот на Втората светска војна, Русија се обидува да одржи и промовира два главни наративи – дека Советскиот Сојуз бил неутрален во периодот 1939-1941, како и дека ги ослободил народите од Источна Европа и ги спасил Европа и светот од ропство. Помеѓу овие два наративи, има уште мноштво други извртувања кои се константно присутни со цел да се одржат и амплифицираат руските наративи за Втората светска војна.*

*Вториот дел од истражувањето се фокусира на присуството на овие наративи во историските учебници коишто се користеле и се користат во Северна Македонија, започнувајќи од 1948 година. Овој дел ќе покаже дека овие наративи се континуирано присутни во учебниците и, и покрај промените во 90-тите години (распаѓањето на СССР и СФРЈ), продолжуваат да бидат присутни во учебниците, заедно со други антизападни наративи. Анализата на наративите и сентиментите во учебниците се потпира на фактите кои се презентирани и анализирани во првиот дел од истражувањето, со што се дава целосен преглед на тоа што точно се случило и како информациите за вистинските настани биле извртени во прилог на руските наративи.*

# РУСКИТЕ НАРАТИВИ ЗА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Овој дел од истражувањето ги анализира главните настани и факти поврзани со улогата на СССР во Втората светска војна, како и нивните последици сè до денешен ден. Руските наративи беа анализирани преку призмата на фактите поврзани со критичните настани, и главниот заклучок е дека Русија презентира лажна верзија на приказната за нејзината улога во Втората светска војна.

## Главни заклучоци и факти

- **Советскиот сојуз не бил неутрален во периодот 1939-1941** – Во август 1939 г. СССР го потпишал пактот Молотов-Рибентроп со Германија, кој заедно со неговите тајни протоколи овозможил 22-месечна воена и економска соработка помеѓу нацистичка Германија и СССР во периодот август 1939 – јуни 1941 година.
- **Тајните протоколи на пактот** предвиделе поделба на Централна и Источна Европа на сфери на влијание помеѓу двата режими, што го поплочило патот кон војната.
- Покрај од нацистичка Германија, **Полска исто така била нападната и окупирана и од СССР,** заедно со балтичките држави и други делови од Источна Европа, во согласност со тајните протоколи.
- Војната во Европа завршила на 8-ми, а не на 9-ти мај 1945 година.
- **СССР не ги ослободил народите од Источна Европа.** После војната, тие останале под советска контрола или влијание се до распадот на СССР на почетокот на 90-тите години од 20-тиот век.
- Во 1989 г. СССР официјално го осуди потпишувањето на пактот Молотов-Рибентроп.
- Во 1990 г. СССР ја прифати одговорноста за масакрот во Катинската шума.
- Како одговор на промената на ставовите на Русија за настаните од Втората светска војна, во 2019 г. Европскиот парламент донесе резолуција за сеќавање на жртвите од тоталитарните режими.

| Руски наратив | Факти |
|---|---|
| СССР бил неутрален во периодот 1939-1941 | Тајните протоколи на пактот Молотов-Рибентроп овозможиле 22-месечна воена и економска соработка помеѓу нацистичка Германија и СССР во периодот август 1939 – јуни 1941 година |
| Потпишувањето на пактот било оправдано, СССР немал друга алтернатива | Во 1989 г. СССР официјално го осуди потпишувањето на пактот Молотов-Рибентроп |
| Пактот бил само договор за ненапаѓање | Тајните протоколи на пактот предвиделе поделба на Централна и Источна Европа на сфери на влијание помеѓу двата режими, што го поплочило патот кон војната |
| Германија ја започнала Втората светска војна, додека советските трупи само „навлегле" на полска територија | Полска била првата држава што била нападната, во координирана акција на Германија и СССР и била поделена помеѓу овие две држави |
| Русија [СССР] не е одговорна за масакрот во Катинската шума на скоро 22.000 Полјаци | Во 1990 г. СССР официјално ја прифати одговорноста за масакрот во Катинската шума |
| Балтичките држави биле колаборационисти на нацистичка Германија | Балтичките држави биле окупирани од СССР, заедно со други делови од Источна Европа |
| Војната во Европа завршила на 9 мај 1945 г. | Војната во Европа завршила на 8 мај 1945 г. |
| СССР ги ослободил народите од Источна Европа | Наспроти волјата на нивните народи, овие земји беа инкорпорирани во СССР или останаа под советска контрола и влијание се до неговиот распад и трпеа страшни злосторства |

## Пактот Молотов-Рибентроп – СССР не бил неутрален пред војната, и на нејзиниот почеток

Втората светска војна започнала на 1 септември 1939 година, кога нацистичка Германија ја нападнала Полска, додека пак две недели подоцна, на 17 септември 1939, Полска исто така била нападната и од Советскиот Сојуз.[1] На 28 септември бил потпишан Советско-германскиот договор за пријателство и соработка,[2] со што била финализирана четвртата поделба на Полска во нејзината историја.



Потпишување на пактот Молотов-Рибентроп

Овие воени дејствија на нацистичка Германија и СССР биле директна последица на пактот Молотов-Рибентроп,[3] кој бил потпишан на 23 август 1939 помеѓу двете држави, што значи дека СССР исто така може да се смета за одговорен за неговиот придонес во започнувањето на Втората светска војна.

Пактот претставувал договор за ненапаѓање помеѓу двата тоталитарни режими во период од 10 години. Тој бил јавен и не се разликувал од останатите договори за ненапаѓање. Сепак, она што е значајно и што произведува последици сè до денешен ден, се тајните протоколи за поделба на Централна и Источна Европа на сфери на влијание помеѓу двата режими, што го поплочило патот кон војната.

---

[1] Снор Е., *Советската приказна* (инсерт), 2008, https://www.youtube.com/watch?v=oFTtuHxxBLo
[2] *Криминалниот таен протокол кон пактот Молотов-Рибентроп. Хронологија*. Естонски институт за историска меморија, 2019, https://communistcrimes.org/en/criminal-secret-protocol-molotov-ribbentrop-pact-chronology
[3] Modern History Sourcebook, *Пактот Молотов-Рибентроп*, https://sourcebooks.fordham.edu/mod/1939pact.asp

[*The section below was not published at the time the above was announced.*]

**Secret Additional Protocol.**

**Article I.** In the event of a territorial and political rearrangement in the areas belonging to the Baltic States (Finland, Estonia, Latvia, Lithuania), the northern boundary of Lithuania shall represent the boundary of the spheres of influence of Germany and U.S.S.R. In this connection the interest of Lithuania in the Vilna area is recognized by each party.

**Article II.** In the event of a territorial and political rearrangement of the areas belonging to the Polish state, the spheres of influence of Germany and the U.S.S.R. shall be bounded approximately by the line of the rivers Narev, Vistula and San.

The question of whether the interests of both parties make desirable the maintenance of an independent Polish States and how such a state should be bounded can only be definitely determined in the course of further political developments.

In any event both Governments will resolve this question by means of a friendly agreement.

**Article III.** With regard to Southeastern Europe attention is called by the Soviet side to its interest in Bessarabia. The German side declares its complete political disinteredness in these areas.

**Article IV.** This protocol shall be treated by both parties as strictly secret.

Moscow, August 23, 1939.

**Тајниот протокол на пактот**




**Сферите на влијание и окупациите во 1939 и 1940 година**

**Извор: 75-годишнина од завршувањето на Втората светска војна – Денот на победата во Европа https://www.facebook.com/watch/?v=1090765291322425**

Всушност, тајните протоколи на пактот овозможиле 22-месечна воена и економска соработка помеѓу двата режими во периодот август 1939 – јуни 1941 година. Бројот на примери за оваа соработка во јавниот дискурс не е многу голем, но и од малкуте присутни примери оваа соработка станува многу очигледна. На пример, заедничката воена парада на германските и советските трупи кај Брест-Литовск,[4] или користењето на советската радио-станица кај Минск за да и се помогне на германската авијација полесно да навигира при нападот на Полска.[5] Соработката исто така се состоела од обемно снабдување на германската воена индустрија со стратешки ресурси од страна на СССР, вклучувајќи нафта, железна руда, градежни материјали.[6] Било испраќано и жито, а за тоа време граѓаните на СССР, не само од Русија, туку и од останатите земји кои во тоа време биле под советска власт, гладувале.

Друга многу важна епизода е соучесништвото на СССР и Сталин во Холокаустот. Во февруари 1940 година Адолф Ајхман на советското раководство му предложил два милиони полски Евреи да бидат префрлени од Германија во СССР, но Москва не била заинтересирана.[7] Ова било едно од малкуте барања на Германија кои не биле задоволени од Сталин за време на сојузот, со што судбината на два милиони полски Евреи била оставена во рацете на нацистите.

На СССР му било во интерес да ја чува соработката со нацистичка Германија во тајност, со цел да ја одржи фикцијата за неговата неутралност во почетокот на војната. Додека фокусот бил ставен на пактот како уште еден договор за ненапаѓање, СССР го негирал постоењето на тајните протоколи се до 1989 г. [повеќе детали подолу во текстот]. Изјавата на Молотов од тоа време, дека борбата против нацистичката идеологија е кривично дело, била објавена во сите најтиражни советски весници. Подоцна, оваа страница исчезнала од јавните библиотеки во СССР, слично на ретуширањето на фотографиите за да се ревидира историјата.

**За тајните протоколи не се знаеше до 1948 година, кога, благодарение на истражувањето на нацистичките архиви, тие беа објавени од американскиот Стејт департмент.**

[4] Снор Е., *Советската приказна* (инсерт), 2008, https://www.youtube.com/watch?v=oFTtuHxxBLo
[5] Ibid
[6] Вебер К., *Пактот што ја започна Втората светска војна*, 2020, https://communistcrimes.org/en/pact-started-world-war-ii
[7] Снајдер Т., *Кога Сталин му беше сојузник на Хитлер*, Еврозин, 2015, https://www.eurozine.com/when-stalin-was-hitlers-ally/

## Последиците од пактот Молотов-Рибентроп за време на војната – Полска и земјите од Источна Европа биле окупирани од СССР

Како директна последица од потпишувањето на пактот, земјите од Источна Европа биле окупирани и анектирани, а голем број нивни жители биле подложени на сталинистичкиот терор и комунистичкиот режим. Во периодот 1939-1945, повеќе од 1 милион жители на Литванија, Летонија, Естонија, Полска, Украина и Романија биле депортирани.

*Окупацијата на Полска и масакрот во Катинската шума*

На 17 септември 1939 г. Полска била нападната и од СССР. За време на инвазијата на Полска од страна на тоталитарниот советски режим раководен од Сталин биле извршени страшни злосторства, како врз цивили, така и врз воени лица. Едно од нив е масакрот кај Катинската шума[8] – серија на масовни егзекуции на скоро 22.000 полски офицери, медицински лица и интелектуалци извршен од советската тајна полиција НКВД – кој останува како сведоштво за жртвите на сталинизмот.[9]

*Војната со Финска – Зимската војна*

Советската инвазија на Финска започнала во 1939 година, со тоа што Сталин сакал да го заземе договорениот дел според тајните протоколи и да ја прошири територијата на Советскиот Сојуз. По низа ултиматуми и пропаднати преговори, на 30 ноември, со приближно милион војници, Црвената армија ја започнала инвазијата врз Финска, која што е позната како Зимската војна. Во февруари-март 1940 година, по најголемото артилериско бомбардирање после Првата светска војна, Финска се согласила на примирје. Според договорот, Финска останала независна земја, но 11% од нејзината територија потпаднале под Советскиот Сојуз.

*Окупација на делови од Романија*

Во јуни 1940 година, Советскиот Сојуз окупирал делови од Романија – Бесарабија и Северна Буковина.[10] Во согласност со тајниот протокол, додека СССР ги окупирал или се обидувал да ги окупира (Финска) земјите од неговата сфера на влијание, нацистичка Германија веќе окупирала голем дел од Западна Европа, вклучувајќи ја и Франција, и се подготвувала за напад на Велика Британија.

---

[8] *Масакрот кај Катинската шума*, Британика, https://www.britannica.com/event/Katyn-Massacre

[9] *Сталинизам*, Британика, https://www.britannica.com/topic/Stalinism

[10] Виктор Е., *Советската окупација на Бесарабија и Северна Буковина*, https://www.historia.ro/sectiune/general/articol/the-soviet-occupation-of-bessarabia-and-northern-bukovina

*Окупација на балтичките држави*

На 15 јуни 1940 година, со ултиматум до Литванија да прими неограничен број трупи и да формира влада која ќе биде прифатлива за Советскиот Сојуз, Сталин прво ја окупирал оваа земја. Во наредните два дена, со исти ултиматуми ги окупирал и Летонија и Естонија. За многу кратко време, советскиот и комунистичкиот стил на живот и страдање станал дел од секојдневието во балтичките земји.[11] Иако малубројни во минатото, комунистичките партии станале политички лидери, со цел спроведување на сталинистичкиот терор. Сопственоста била масовно национализирана, академските граѓани биле малтретирани, додека пак во текот на 1941 г. се спровеле масовни депортации во СССР и Арктикот, вклучително и на жени и деца.

*Злосторствата извршени во Украина*

Украина за првпат прогласила независност во 1917 година и се обидела да води војна со советска Русија. До 1920 ја изгубила војната и нејзиниот источен дел бил инкорпориран во Советскиот Сојуз во 1922 година, додека пак западниот дел бил инкорпориран во Полска. На почетокот на војната Украина ја снашла слична судбина како и балтичките држави. Во 1940 и првата половина од 1941 година, повеќе од 10% од локалното население од новоокупираните подрачја на Западна Украина (кои СССР ги освоил од Полска) биле депортирани. Помеѓу есента 1939 и јуни 1941, кога Германија го нападнала СССР, тајната советска полиција депортирала скоро 1,25 милиони лица од Украина.[12]

## Крајот на пактот Молотов-Рибентроп – СССР сменил страна во војната

На 22 јуни 1941 година Германија го нападнала СССР и одненадеж Советскиот Сојуз се нашол на другата страна во војната и неколку месеци подоцна влегол во сојуз со Велика Британија и САД. Советската пропаганда го премолчила првиот период (1939-1941), а ги славела советските успеси во вториот (1941-1945). Победата во „Големата татковинска војна“ станала нешто како втор основачки мит на СССР,[13] па постоењето на пактот Молотов-Рибентроп морало да се негира. Во децениите после војната, Советскиот Сојуз сакал да се претстави како ослободител, па морал

[11] *Балтичките држави – советска окупација*, Британика, https://www.britannica.com/place/Baltic-states/Soviet-occupation

[12] *Комунистичката диктатура во Украина. Советската окупација (1920-1991)*, Естонски институт за историска меморија, https://communistcrimes.org/en/countries/ukraine

[13] Снајдер Т., *Кога Сталин му беше сојузник на Хитлер*, Еврозин, 2015, https://www.eurozine.com/when-stalin-was-hitlers-ally/

да негира дека бил една од силите кои сносат одговорност за започнувањето на војната.

## Официјалниот крај на војната – војната во Европа не завршила на 9 мај

Што се однесува до датумот[14] на кој Германија била поразена, со што се ставил крај на војната во Европа, првиот документ за безусловна капитулација на сите германски трупи бил потпишан на 7 мај 1945 г. во Ремс, Франција, во присуство на Врховниот командант на сојузниците во Европа, Двајт Ајзенхауер,[15] додека пак финалниот Инструмент за капитулација на Германија бил потпишан на 8 мај, и со него било предвидено запирање на сите активни операции на германските трупи во 23:01 часот по средно европско време истата вечер. Сепак, Сталин подготвил посебен документ за капитулација на Германија кој бил потпишан во Берлин на 9 мај, но овој документ бил идентичен со првиот кој бил признат од САД и Велика Британија.[16] Кога се анализира следот на настаните, јасно е дека во моментот кога бил потпишан вториот документ за капитулација на 9 мај, капитулацијата на Германија веќе била во сила. Ова довело до тоа вториот датум да се слави како ден на кој завршила војната во Европа од страна на СССР, како и од земјите од советскиот блок и поранешна Југославија (што значи и Северна Македонија). Сепак, факт е дека последната важна битка во Европа се случила на 14-15 мај на територијата на Југославија, но дури и во Југославија овој датум бил засенет од 9 мај како доминантен наратив за тоа кога војната завршила.

## Последиците од пактот Молотов-Рибентроп после војната – СССР не ги ослободил народите на Централна и Источна Европа

По завршувањето на војната, СССР ги повратил териториите на земјите што ги окупирал во периодот 1939-40, на пр. балтичките држави, како директна последица на тајните протоколи на пактот. И покрај напорите на Русија крајот на војната да го претстави како целосно ослободување, реалноста е дека за земјите од Источна

---

[14] Гончаренко Р., *Втората светска војна и битката за колективната меморија во Источна Европа*, Дојче Веле, 2020, https://www.dw.com/en/world-war-ii-and-the-battle-over-collective-memory-in-eastern-europe/a-53356626

[15] *Германија безусловно им се предава на сојузниците во Ремс*, History.com, https://www.history.com/this-day-in-history/germany-surrenders-unconditionally-to-the-allies-at-reims

[16] Гелава С., *Советските митови за Втората светска војна*, 2016, https://mythdetector.ge/en/soviet-myths-about-world-war-ii-2/

Европа ова не било ослободување. СССР дал придонес за поразот на Хитлер и нацизмот, но во никој случај не ги ослободил народите на Источна Европа.

Граѓаните на Украина, Полска, Литванија продолжиле да се борат против новите окупатори и диктатурата на комунистичката партија, додека пак во 1954 година, другите држави од Централна Европа, како на пример Полска, станале дел од Варшавскиот пакт и со тоа останале под советска контрола или влијание сè до распадот на СССР во почетокот на 90-тите години на 20-тиот век.

За балтичките држави Втората светска војна заврши во 1991-1992 година, но за Литванија војната завршила во дури во 1993 година, кога и последните руски војници ја напуштиле оваа земја.

## СССР го осудува пактот Молотов-Рибентроп

По војната, Сталин и Советскиот Сојуз продолжиле да го негираат постоењето на тајните протоколи. Молотов продолжил да извршува различни функции во Советскиот Сојуз сè до неговата смрт во 1986 година, без да го признае постоењето на тајните протоколи.

Во 1989 година, во согласност со политиката „Гласност" на Горбачов, Конгресот на народните делегати на СССР официјално го осудил пактот Молотов-Рибентроп.



**Балтичкиот пат**
**Source: https://www.thebalticway.eu/en/history/**

Истата година, на 23 август, 50-годишнината од потпишувањето на пактот Молотов-Рибентроп била одбележана со мирен протест наречен „Балтичкиот пат",[17] при што

[17] *Приказните за Балтичкиот пат*, https://www.thebalticway.eu/en/history/

жителите на Литванија, Летонија и Естонија побарале признавање на тајните протоколи и враќање на својата независност. Повеќе од 2 милиони жители, држејќи се за раце, формирале синџир долг 600 км, кој се протегал од Талин, преку Рига, па сè до Вилнус. Во кампањата учествувале 700.000 граѓани на Естонија, 500.000 на Латвија и повеќе од 1.000.000 граѓани на Литванија.

## Путин ја ревидира историјата

И покрај официјалната осуда на пактот Молотов-Рибентроп од страна на Думата во 1989 година, како и фактот дека во текот на периодот од 16 години после тоа руското раководство никогаш не ја напуштило оваа позиција, во периодот 2005-2007 Путин започна ревизија на историјата. Имено, тој ги обвинил балтичките држави дека ја нападнале Русија „*за да го скријат срамот од колаборационизмот*“[18] и ја обвинил Европа дека „*го игнорира нацизмот на Балтикот*.“[19] Што се однесува до Украина, во 2014 Путин ги споредил украинските сили со нацистите,[20] додека пак во јануари 2022 година Русија тврдеше дека САД донесле „*чисти нацисти*“ на власт во Киев.[21] Од сето ова може да се заклучи дека овој наратив беше поинтензивно амплифициран како дел од руските информациски операции во последните години.

Што се однесува до пактот Молотов-Рибентроп, во 2010 година, по повод 70-годишнината од масакрот во Катинската шума, Путин изјавил “*не нè обвинувајте за масакрот на Сталин*“.[22] Во 2020 година Русија отиде уште понатаму и ги отстрани меморијалните плочи за масакрот во Катинската шума,[23] 30 години откако СССР ја презеде одговорноста за масакрот, во 1990 година.[24]

На 19 декември 2019 година, на годишната прес-конференција, 30 години откако Думата го осуди пактот Молотов-Рибентроп, Путин го оправда неговото

---

[18] Рот А., *Молотов-Рибентроп: зошто Москва се обидува да го оправда нацистичкиот пакт?*, Гардијан, 2019, https://www.theguardian.com/world/2019/aug/23/moscow-campaign-to-justify-molotov-ribbentrop-pact-sparks-outcry

[19] *Путин ја обвинува Европа дека го игнорира нацизмот на Балтикот*, Дојче Веле, 2007, https://www.dw.com/en/putin-accuses-europe-of-ignoring-nazism-in-the-baltics/a-2817872

[20] Вокер Ш., Рагозин Л., Вивер М., Путин ги споредува украинските сили со нацистите и се заканува со зајакнување на позициите на Арктикот, Гардијан, https://www.theguardian.com/world/2014/aug/29/putin-ukraine-forces-nazis-arctic

[21] Мекнајт П., Квејл Ј., Чепман О., *Како што тензиите се зголемуваат, Русија ги обвини САД дека донесле „чисти нацисти“ на власт во Украина*, Њузвик, 31.01.2022, https://www.newsweek.com/russia-accuses-us-bringing-pure-nazis-power-ukraine-tensions-rise-1674789

[22] Кели Л., *Не нè обвинувајте за масакрот на Сталин, вели Путин*, Индепендент, 2010, https://www.independent.co.uk/news/world/europe/don-t-blame-us-for-stalin-s-slaughter-says-putin-1938727.html

[23] Тилс Ф., *30 години откако го призна масакрот врз полските воени заробеници во Втората светска војна, Русија ги отстрани меморијалните плочи за настанот*, 2020, https://www.polygraph.info/a/katyn-poland-russia/30601790.html

[24] *На денешен ден: 13 април 1990*, Москва тајмс, 2019, https://www.themoscowtimes.com/2019/04/13/on-this-day-april-13-1990-a65218

потпишување, изјавувајќи дека Советскиот Сојуз немал алтернатива.[25] Путин додаде дека Сталин не се компромитирал поради тоа што се договорил со Хитлер, а во исто време ја обвини Полска за колаборација со Германија.

Како одговор на ваквото менување на ставот на Русија за потпишувањето на пактот, заедно со одбивањето да го прифати својот дел од одговорноста за започнувањето на Втората светска војна и нејзините последици, на 19 септември 2019 година Европскиот парламент усвои резолуција[26] за сеќавање на жртвите на тоталитарните режими.[27] Во резолуцијата е наведено дека пактот Молотов-Рибентроп е потпишан помеѓу претставници на два тоталитарни режими и го трасирал патот кон започнување на најкрвавата војна во историјата на човештвото.

Одржувајќи континуитет со позицијата на Советскиот Сојуз, режимот на Путин ја прави победата над нацизмот еден од главните принципи на идеологијата која сака да ја наметне за да ја мобилизира јавноста во Русија, а во исто време, за жал, успева да го извезе успешно заснованиот наратив дека Советскиот Сојуз секогаш бил на страната на победниците.

---

[25] *Годишна конференција на Владимир Путин*, 2019, http://en.kremlin.ru/events/president/news/62366
[26] Резолуција на Европскиот парламент од 19 септември 2019 за важноста на европското сеќавање за иднината на Европа, https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2019-0021_EN.html
[27] *Европскиот парламент со осуда за пактот Молотов-Рибентроп*, Борба против лажни вести и наративи, 2020, https://f2n2.mk/%d0%b5%d0%b2%d1%80%d0%be%d0%bf%d1%81%d0%ba%d0%b8%d0%be%d1%82-%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%bb%d0%b0%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82-%d1%81%d0%be-%d0%be%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bf%d0%b0%d0%ba%d1%82/

# РУСКИТЕ НАРАТИВИ ЗА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Предмет на истражување е презентирањето и интерпретирањето на пактот Молотов-Рибентроп, како дел од настаните кои доведоа до почетокот на Втората светска војна, во историските учебници кои се користеле во Северна Македонија започнувајќи од 1948 година, па сè до денес.

Вкупно 59 учебници по историја беа мапирани онлајн, преку информациите достапни на електронскиот каталог на Националната и универзитетска библиотека.[28] До овие книги не може да се пристапи онлајн, па за потребите на истражувањето беа добиени во печатена верзија од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Истражувањето се фокусираше на лекциите поврзани со почетокот на Втората светска војна кои се учат во последната година од основното (осмо/деветто одделение) и средното образование (трета/четврта година).

Од вкупно мапираните 59 учебници, FN успеа да обезбеди 30, од кои 17 беа релевантни за предметот на истражувањето, бидејќи тие ја содржат лекцијата/темата „Како започна Втората светска војна?“ Можно е да има мал број учебници кои содржат релевантни податоци за истражувањето, но тие не беа достапни. Сепак, учебниците кои беа обезбедени и анализирани даваат солидна основа за извлекување на заклучоци.

Анализата е поделена по (1) периоди – 1945-1990 и 1991-2022 и (2) нивоа на образование – основно и средно:

- Првиот период од 1945 до 1990 година се однесува на учебниците кои се користеле во времето на СФР Југославија и опфаќа 7 учебници. Предметот на интерес се изучувал во последната година, која во тој период во основното образование соодветствувала на осмо одделение, при што се анализирани 6 учебници, а во средното образование е 1 учебник за четврта година.
- Вториот период од 1991 до 2022 година се однесува на учебниците кои се користат откако Северна Македонија стана независна држава и опфаќа 10 учебници, од кои 5 се за осмо/деветто одделение во основното образование, а 5 се за трета/четврта година во средното образование.

[28] https://mk.cobiss.net/

## Главни заклучоци

- Во ниту еден од анализираните учебници настаните во периодот 1939-1941 не се презентирани фактографски и објективно. Напротив, на учениците им се дадени само делумни информации.
- Со мал број исклучоци, сентиментот во лекциите за почетокот на Втората светска војна е антизападен. Дури и ако ваквиот пристап може да биде оправдан кога е во прашање Германија, вклучувањето на Франција, Велика Британија и САД во овој негативен сентимент укажува на култивирање на проруски ставови кај населението.
- Наративот кој се користи во скоро сите учебници е дека „*Велика Британија и Франција (и во помал дел, САД) се ‘западни сили’ и дел од виновниците за почетокот на војната*.“ Поднаративите се дека „*Велика Британија и Франција го толерирале подемот на фашизмот и сакале да се зачува Версајскиот систем, кој го гледале како гаранција за нивната превласт во светот и затоа настојувале да се зачува светскиот мир*.“
- Уште еден важен наратив во најголем дел од учебниците се однесува на „*надежите на Велика Британија и Франција дека фашизмот ќе се фокусира на источните држави, односно ќе го уништи социјализмот, додека капиталистичките демократии ќе останат нечепнати*.“
- Пактот Молотов-Рибентроп, кој во анализираните учебници е претставен како „пакт за ненапаѓање“, не е претставен како проблем, туку како последица, додека пак “*подемот на Германија и фашизмот е резултат на недостигот на подготвеност на Велика Британија и Франција да ги разберат ‘грижите’ на Сталин и неговиот став за фашистичката идеологија.*“
- Фактот дека со пактот Молотов-Рибентроп и неговите тајни протоколи Европа била поделена на две сфери на влијание не е соодветно и прецизно објаснет, а на учениците им се даваат само делумни информации. Ова создава забуна и доведува до несоодветно разбирање на настаните. Целосната листа на територии кои биле нападнати и окупирани од СССР во периодот 1939-1941 како директна последица на пактот не може интегрално да се најде како дел од само една лекција. Последиците од пактот после војната исто така не се прикажани.
- Во ниту еден од анализираните учебници не е спомнат масакрот во Катинската шума, заедно со злосторствата извршени од СССР во окупираните земји и територии.
- Окупацијата на Полска и нејзините територии населени од Белоруси и Украинци од страна на СССР е опишана како „*навлегување*“ или „*преземање*“ на териториите во согласност со „пактот за ненапаѓање“. На овој начин на учениците не им се презентира вистинската слика, имајќи предвид дека не се користи соодветниот термин, а тоа е „окупација“.

Дополнително, во дел од учебниците е наведено дека тие територии биле населени од Белоруси и Украинци, со што се создава впечаток дека тие „природно“ му/ѝ припаѓале на СССР/царска Русија.

## Резиме на учебниците по историја во периодот 1948-1990

Овој дел дава кратко резиме на секој/а од анализираните учебници/лекции. Учебниците беа анализирани и дадени се главните наративи и сентименти. Сепак, повеќе детали може да се најдат во оние изданија кои моментално се користат во образовниот процес.

1. **Во првиот учебник по историја од 1948 (Историја на СССР – краток курс)** настаните од 1939 година и почетокот на Втората светска војна се презентирани на тој начин што полската држава е претставена како неподготвена за битка, а нејзиното раководство ја напушта државата, оставајќи го полскиот народ на милост на германскиот окупатор. Фактот дека СССР ја нападнал Полска после германската инвазија и окупирал полски територии е прикажан како добро дело и како помагање на полскиот народ од страна на СССР. Истиот наратив се користи за акциите на СССР во полските делови на Белорусија и Украина.

   Во лекцијата која се однесува на почетокот на Втората светска војна е наведено дека „*Германија ја започна Втората светска војна во 1938 година. Таа ја окупира Чехословачка, а една година подоцна ја нападна Полска. На 17 септември 1939 година Црвената армија го зеде под своја заштита населението во Западна Украина и Западна Белорусија и со тоа ја спречи понатамошната пенетрација на фашистите*.“

   Во истиот учебник, пактот Молотов-Рибентроп е спомнат само како договор за мир кој бил прекршен од Германија, без да се дадат детали за поделбата на Европа на сфери на влијание и окупацијата на соседните држави од страна на СССР. Не е спомнат ниту масакрот во Катинската шума.

   Наративите за „*неспособната полска влада која побегнала од земјата и го оставила својот народ во рацете на непријателот (фашистите)*,“ и за „*Црвената армија како заштитник на народот*“ се поставени во овој учебник. Различни варијации на овие наративи, кои се аплицирани главно преку игра на зборови, може да се најдат до денешен ден.

**Фактите се дека во согласност со одредбите во Уставот на Полска од 1935 година поврзани со политичкиот континуитет во случај на војна,[29] на крајот на септември/почетокот од октомври 1939 година бил избран нов претседател кој формирал нова влада во егзил.[30] Соочено со четвртата поделба во историјата, со овој потег политичкото раководство го обезбедило политичкиот континуитет на полската држава, иако нејзината територија била окупирана. Дополнително, во подоцнежниот тек на војната полски трупи учествувале во многу сојузнички операции.**

2. **Во учебникот од 1969 година (Историја за осмо одделение),** пактот Молотов-Рибентроп е именуван како пакт за пријателство и ненапаѓање. Ова е првиот од анализираните учебници кој дава некакви детали за договорот, вклучувајќи го и тајниот протокол за поделба на териториите помеѓу СССР и Германија, т.е. окупацијата на балтичките држави, Бесарабија (Романија) и Белорусија од страна на СССР. Спомната е стратегијата на Сталин да ги остави „*капиталистичките држави*“ да војуваат против Германија. Прикажан е неуспешниот обид да се формира антифашистички фронт помеѓу Велика Британија и Франција од една страна, и СССР од друга страна, со што првите се прикажани како страната која калкулирала и не сакала да му вети целосна помош на СССР во случај на војна со Германија. Масакрот во Катинската шума и злосторствата извршени од СССР не се споменати.

3. **Учебникот од 1972 година [Историја за осмо одделение (трето издание)]** ја следи истата логика како и оној од 1969 година. Окупацијата на Полска од страна на СССР, окупациите на балтичките држави, како и на Белорусија и Бесарабија (Романија) се прикажани како „нормален развој на настаните“ после склучениот пакт помеѓу СССР и Германија и неговите протоколи. Масакрот во Катинската шума и злосторствата извршени од СССР не се споменати.

4. **Учебникот по историја од 1982 [Историја за осмо одделение (трето издание)]** ги следи истите наративи како и претходните учебници од 1972 и 1969 година, но овој пат без да се спомене окупацијата на балтичките држави од страна на СССР и **тајните протоколи кон „Договорот за ненапаѓање“**. Во ова издание белоруските и украинските територии се прикажани како територии кои и припаѓале на **царска Русија**, имплицирајќи дека СССР имал секакво право да ги освои и анектира. Исто така е наведено дека балтичките

[29] *Устав на Република Полска од 1935 година*, http://libr.sejm.gov.pl/tek01/txt/kpol/e1935-spis.html
[30] *Владислав Сикорски*, Британика, https://www.britannica.com/biography/Wladyslaw-Sikorski

држави „*се приклучиле*“ кон СССР, повторувајќи го истиот наратив од првиот учебник од 1948 година – Историја на СССР.

5. **Учебникот од 1983 година [Историја за четврта година на гимназиите (второ издание, општа насока)]** е првиот во кој „*состанокот на Рибентроп со Сталин и Молотов*“ се споменува во контекст на поделбата на Полска помеѓу Германија и СССР. Иако за првпат „*навлегувањето*“ на СССР во Полска се смета за неоправдано и како чин кој предизвикал „*збунетост во напредните кругови во светот*,“ сепак повторно не е употребен соодветниот термин „окупација“.

6. **Учебникот од 1984 година (Историја за осмо одделение)** продолжува по истиот шаблон како и претходните учебници во однос на акциите на СССР – не се споменуваат масакрот кај Катинската и советските злосторства, додека пак при прикажувањето на советските инвазии, зборот „*навлегува*“ е повторно искористен наместо зборот „окупира“.

   Сепак, овој учебник за првпат ги прикажува Велика Британија и Франција како одговорни за подемот и експанзијата на Германија, поради тоа што тие не успеале да ја согледаат опасноста од нацистичка Германија пред таа да ја нападне Полска. Ова го започнува наративот за нивната „*одговорност*“ за почетокот на Втората светска војна. Тие исто така се обвинети дека „*со политиката на попуштање тие мислеле дека ќе ги свртат агресорите кон Советскиот Сојуз, а со тоа ќе ја отстранат опасноста од нападот на своите земји.*“ Ова е дискутабилна лична интерпретација на фактите од страна на авторите која го прикажува СССР како жртва на „политиката на попуштање“ водена од Велика Британија и Франција.

   Пактот Молотов-Рибентроп е прикажан како инициран од Хитлер, со цел да избегне војна на два фронта. Во учебникот е наведено дека „*Хитлер го искористил неслагањето на западните сили со Советскиот Сојуз. За да избегне водење војна на два фронта, на 23 август 1939 година, склучил пакт за ненапаѓање со Советскиот Сојуз. Откако со пактот ја обезбедил неутралноста на Советскиот Сојуз, на 1 септември 1939 година Хитлер ја нападнал Полска и ја предизвикал Втората светска војна*.“ Испуштањето на фактот дека СССР исто така ја нападнал Полска и несоодветното објаснување на пактот Молотов-Рибентроп и неговите тајни протоколи го ослободува СССР од каква било одговорност за започнувањето на војната.

   Ова претставува промена во сентиментот и во начинот на кој фактите им се презентирани на учениците, и суштински се разликува од изданијата од 1969, 1972 и 1982 година.

7. **Учебник по историја од 1990 година [Историја за осмо одделение (второ издание)]** Периодот на СФРЈ завршува со учебникот објавен во 1990 година. Во овој учебник има уште една промена во презентирањето на историските факти. Ако до овој учебник одговорноста за подемот на Германија и нејзината моќ е (во различни учебници) кај Велика и Британија, во овој учебник има мала промена на содржината.

**Имено, за првпат покрај Велика Британија и Франција се воведуваат САД, наведувајќи дека трите држави *„во одлуките на Версајската мировна конференција гледаа гаранција за стекнатата превласт во светот и затоа настојуваа мир по секоја цена, па макар и со отстапување пред фашистичките земји на штета на малите народи и држави. Ним им беше важно да го изолираат СССР...“* Овој дел не ги зема предвид настаните кои се случиле во овие три држави во тој период и претставува антизападен наратив што произлегува од дискутабилна интерпретација на настаните пред војната.**

Сепак, за разлика од учебникот од 1984 година, во кој Велика Британија и Франција се обвинети дека не се договориле со СССР, во овој учебник Сталин е претставен како главен виновник за тоа што не се склучил договор, а наведено е и дека не бил подготвен за германскиот напад, иако бил информиран за тоа. Овој е првиот од анализираните учебници кој ги прикажува акциите на Сталин во негативно светло, опишувајќи ги како „погрешна политика“, иако сѐ уште не се дава целосна слика на неговите злосторства.

Што се однесува до почетокот на Втората светска војна, недостига нападот на Полска од страна на СССР – текстот е следниот: „*откако Германија ја присоедини Западна Полска, источниот дел му припадна на СССР.*“ „Пактот за ненапаѓање“ е нејасно прикажан, повеќе низ призмата на неговото непочитување од страна на Германија и несериозноста и неподготвеноста на Сталин да го одбрани СССР од неочекуваниот германски напад.

## Резиме на учебниците по историја во периодот 1991-2022

1. **Учебникот од 1992 година (Историја за осмо одделение)** ги повторува наративите од учебникот од 1990 година за причините за почетокот на војната и ги обвинува западните држави дека го толерирале Хитлер зашто мислеле дека тој ќе го нападне само Советскиот Сојуз, а не и нив – „*[н]аспроти фашистичките сили, демократските капиталистички западни земји - Велика Британија, Франција и САД, кои биле победнички во Првата светска војна, не сакале промени. Тие сакале да се зачува Версајскиот систем, кој на нив им обезбедувал превласт*

*во светот и затоа сакале да се зачува светскиот мир. Од тие причини, овие земји им правеле низа отстапки на фашистичките земји. Тие воделе, притоа, и политика да го изолираат СССР и да ги насочат фашистичките земји против оваа социјалистичка земја.*“

Што се однесува до почетокот на војната и Полска, терминот „окупација“ е за првпат искористен во контекст на инвазијата на СССР, која се споменува заедно со германската. Исто така, при објаснувањето за Велика Британија и Франција, обидувајќи се да прикаже дека пактот Молотов-Рибентроп го предизвикал објавувањето на војна од страна на демократските држави против Германија, учебникот ги збунува учениците со нејасна интерпретација на контекстот, наведувајќи го следното: „*Велика Британија и Франција, кога дознале дека Германија и СССР склучиле пакт за ненапаѓање, сфатиле дека агресивните планови на Германија не се насочени само против СССР, туку против нив. Затоа, тие одлучиле повеќе да не им прават отстапки на фашистичките земји и на 3 септември 1939 година ѝ објавиле војна на Германија.*“ Земајќи го предвид контекстот даден во претходниот параграф, овие две реченици не се баш јасни. Сепак, се знае дека Велика Британија и Франција не ѝ објавиле војна на Германија по потпишувањето на пактот, туку дури откако таа ја нападнала Полска на 1 септември, факт што е испуштен во текстот.

2. **Учебникот по историја од 1992 година [Историја за четврта година на гимназиите (општа и јазична насока)]** дава повеќе информации за причините за започнувањето на Втората светска војна, споредено со претходните учебници. Спротивно од претходниот учебник, во овој е наведено дека САД не биле задоволни од Версајскиот систем во кој доминирале Велика Британија и Франција, со што се одржува антибританскиот и антифранцускиот наратив како и во претходните учебници.

   Пактот Молотов-Рибентроп е прикажан како договор помеѓу Германија и СССР за поделба на Источна Европа на сфери на влијание, и во еден дел се наведува дека со нападот на Германија, Полска била „окупирана и поделена“ помеѓу Германија и СССР.

   Лекцијата „Почетокот и текот на Втората светска војна 1939-1941“ го содржи поднасловот „Политиката на СССР пред Втората светска војна“, но недостасуваат вакви делови и за другите држави. Овој дел е многу проблематичен зашто го зајакнува наративот од претходниот учебник дека „*империјалистичките земји посакувале судир помеѓу Германија и СССР заради негово уништување*.“

**Во овој дел исто така за првпат е наведено дека „Сталин не водел доследна антифашистичка политика“. Дополнително, прикажани се верувањата на Сталин дека „*ќе дојде до судир меѓу фашистичките и западните демократски држави, и дека СССР ќе извлече корист ако остане настрана од тој судир*.“ Овие два дела ја забошотуваат улогата на Сталин и значењето на пактот Молотов-Рибентроп за започнувањето на Втората светска војна и неговите последици по нејзиното завршување.**

Уште еднаш, рускиот наратив во однос на пактот е прикажан на тој начин што неговото потпишување се смета за оправдано, имајќи предвид дека СССР се наоѓал во „*специфични околности*“. Овие „*специфични околности*“ се опишани на следниот начин: „*Таквите противречности меѓу западните земји и СССР биле вешто искористувани од фашистичките држави Германија, Италија и Јапонија, за непречено вршење на нивните агресии.*“

3. **Учебникот по историја од 1998 година [Историја за осмо одделение (второ издание)]** е идентичен со оној од 1992, без никакви измени.

4. Во **учебникот по историја од 2003 година (Историја за трета година),** настаните пред и на почетокот на Втората светска војна се прикажани многу општо. Ова е единствениот пример каде „договорот за ненапаѓање и пријателство“ е спомнат во делот кој го опишува создавањето на силите на Оската. Исто така, почетокот на Втората светска војна и начинот на кој СССР ги окупирал белоруските и украинските територии под Полска е опишан на следниот начин: „*Во меѓувреме, уште додека траел германскиот напад од исток, на полска територија навлегле советските трупи и ги анектирале деловите во кои живееле Белоруси и Украинци*.“

**Како што може да се види, истиот настан – нападот на Полска – е опишан различно. Во случајот на Германија е опишан како напад, додека во случајот на СССР е опишан како „*навлегување*“ и „*анектирање деловите во кои живееле Белоруси и Украинци*.“**

5. **Учебникот за осмо одделение од 2005 година (Историја за осмо одделение)** е идентичен со оној за деветто одделение од 2016 година [Историја за деветто одделение (второ издание)], и двата издадени од издавачката куќа „АЛБИ“. Овде за првпат почетокот на Втората светска војна е опишан како инвазија на Полска и од Германија, и од СССР, по што тие ја поделиле оваа земја.

Сепак, „пактот за ненапаѓање“ не е дел од лекцијата за Втората светска војна, туку од лекцијата „Светот после Првата светска војна“, заедно со други настани кои се случиле пред Втората светска војна, што е многу збунувачки и ја забошотува улогата на СССР во развојот на настаните кои довеле до започнувањето на Втората светска војна.

6. **Историја за трета година средно образование, 2006** е идентичен со **Историја за трета година на гимназиите, 2019 (и двата издадени од издавачка куќа „АЛБИ“)**. Овој учебник ги прикажува причините за војната и не дава многу детали за „договорот за ненапаѓање“ помеѓу СССР и Германија. Пактот Молотов-Рибентроп е спомнат во темата „Светот и Европа помеѓу двете светски војни“, без да се спомнат тајните протоколи и последиците од нив, со што се одржува фикцијата за неутралноста на СССР во периодот 1939-1941. Лекцијата „Светот во Втората светска војна“ го спомнува пактот само како договор за ненапаѓање, без да го именува. Сепак, има експлицитна реченица дека СССР ја нападнал Полска на 17 септември 1939.

   Комплетно извртување на фактите и дисторзија може да се забележи во следното тврдење: „*СССР не беше гарант на Париските мировни договори и не беше задоволен од решенијата на територијалните прашања помеѓу СССР и Полска и СССР и Романија. СССР бараше ревизија на тие договори и анектирање на источните делови на Полска, како и на Бесарабија и Буковина*.“ Од една страна, наративот е дека западните сили го поделиле светот, нивната политика е причина за подемот на фашизмот и за започнувањето на војната, и тие не сакаат да ги задоволат барањата на СССР. Од друга страна, овој наратив имплицира дека спорните делови од Полска и Романија биле советски територии, па СССР имал секакво право да ги бара.

   Во лекциите кои го обработуваат периодот по Втората светска војна, без да се даде контекст за агресиите на СССР како последица на пактот Молотов-Рибентроп, наведено е само дека „*единствено СССР значително територијално се прошири за сметка на Полска, Полска доби територии од Германија. Романија му отстапи територии на СССР. Балтичките земји и дел од Источна Прусија влегоа во составот на СССР.*“

7. **Историја за трета година средно образование од 2006 (издавачка куќа „Просветно дело“)** дава посеопфатен преглед на настаните што се случиле пред Втората светска војна и на нејзиниот почеток. Овој учебник е првиот во кој се спомнува „присоединувањето по пат сила“ на териториите на Финска, Романија (Бесарабија и Северна Буковина) и трите балтички држави – Естонија, Летонија и Литванија од страна на СССР, но без овие настани да ги поврзе со пактот Молотов-Рибентроп. Наместо тоа, патот е опишан на следниот начин:

*„По склучување на советско-германската спогодба за ненапаѓање во август 1939 година, Германија настапила со барање градот Данцинг (Гдањск) и тесниот полски коридор кој ја разединувал источна Прусија од Германија да ѝ бидат отстапени.*“ Оваа реченица е многу збунувачка бидејќи го меша договорот за поделба на Полска помеѓу Германија и СССР со подоцнежниот ултиматум кој Германија и го дала на Полска, кој бил изговор за германскиот напад и почетокот на Втората светска војна.

Нападот на Полска од страна на СССР на 17 септември 1939 е опишан со зборовите „*Советската армија навлегла на полската територија.*“

**8. Историја за деветто одделение од 2017 (шесто издание, издавачка куќа „Просветно дело“)**

Втората светска војна е претставена како „*последица од спротивностите кои се јавиле меѓу големите империјалистички држави*“, со што западните држави се прикажани во негативно светло. Понатаму, во текстот е наведено дека „*[п]обедничките сили од Првата светска војна задоволни од поделбата [по Првата светска војна] не сакале промени, туку барале да се почитува Версајскиот систем.*“ Зборот „поделба“ се однесува на поделба на светот и треба да се интерпретира во контекст на „незадоволството“ на фашистичките држави од поделбата на светот после Првата светска војна. Ова имплицира дека „големите сили“, победнички во Првата светска војна, го поделиле светот.

Антизападниот наратив кој СССР го прикажува како жртва исто така е присутен, преку тврдењата дека „*демократски[те] земји им направиле повеќе отстапки на фашистичките земји сакајќи притоа да ги изолираат и отргнат од нова војна. Тие воделе, при тоа, и политика да го изолираат СССР и да го насочат против фашистичките земји.*“

Другиот наратив во текстот ја забошотува одговорноста на СССР за пактот Молотов-Рибентроп и неговите последици. Само на едно место се спомнува „договорот за ненапаѓање“, додека пак агресијата врз Полска и нејзината поделба, окупацијата на Бесарабија, Белорусија и западна Полска, како и на трите балтички држави, воопшто не се вклучени во лекцијата.

# ИЗВОРИ

## Статии и документи


1. *75-годишнина од завршувањето на Втората светска војна – Ден на победата во Европа*, https://www.facebook.com/watch/?v=1090765291322425
2. Борба против лажни вести и наративи, *Европскиот парламент со осуда за пактот Молотов-Рибентроп*, 2020, https://f2n2.mk/%d0%b5%d0%b2%d1%80%d0%be%d0%bf%d1%81%d0%ba%d0%b8%d0%be%d1%82-%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%bb%d0%b0%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82-%d1%81%d0%be-%d0%be%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bf%d0%b0%d0%ba%d1%82/
3. Британика, *Масакрот кај Катинската шума*, https://www.britannica.com/event/Katyn-Massacre
4. Британика, *Балтичките држави – советска окупација*, https://www.britannica.com/place/Baltic-states/Soviet-occupation
5. Британика, *Сталинизам*, https://www.britannica.com/topic/Stalinism
6. Британика, *Владислав Сикорски*, https://www.britannica.com/biography/Wladyslaw-Sikorski
7. Вебер Клаудија, *Пактот што ја започна Втората светска војна,* 2020, https://communistcrimes.org/en/pact-started-world-war-ii
8. Виктор Ерик, *Советската окупација на Бесарабија и Северна Буковина*, https://www.historia.ro/sectiune/general/articol/the-soviet-occupation-of-bessarabia-and-northern-bukovina
9. Вокер Ш., Рагозин Л., Вивер М., *Путин ги споредува украинските сили со нацистите и се заканува со зајакнување на позициите на Арктикот,* Гардијан, https://www.theguardian.com/world/2014/aug/29/putin-ukraine-forces-nazis-arctic
10. Гелава Сопо, *Советските митови за Втората светска војна*, Митдетектор, https://mythdetector.ge/en/soviet-myths-about-world-war-ii-2/
11. *Годишна конференција на Владимир Путин*, 2019, http://en.kremlin.ru/events/president/news/62366
12. Гончаренко Роман, *Втората светска војна и битката за колективната меморија во Источна Европа*, Дојче Веле, 2020, https://www.dw.com/en/world-war-ii-and-the-battle-over-collective-memory-in-eastern-europe/a-53356626
13. Естонски институт за историска меморија, *Комунистичката диктатура во Украина. Советската окупација (1920-1991)*, https://communistcrimes.org/en/countries/ukraine

14. Естонски институт за историска меморија, *Криминалниот таен протокол кон пактот Молотов-Рибентроп. Хронологија*, https://communistcrimes.org/en/criminal-secret-protocol-molotov-ribbentrop-pact-chronology
15. Кели Лидија, *Не нè обвинувајте за масакрот на Сталин, вели Путин*, Индепендент, 2010, https://www.independent.co.uk/news/world/europe/don-t-blame-us-for-stalin-s-slaughter-says-putin-1938727.html
16. *На денешен ден: 13 април 1990,* Москва тајмс, 2019, https://www.themoscowtimes.com/2019/04/13/on-this-day-april-13-1990-a65218
17. *Пактот Молотов-Рибентроп*, https://sourcebooks.fordham.edu/mod/1939pact.asp
18. *Пактот Молотов-Рибентроп*, https://digitalarchive.wilsoncenter.org/document/110994.pdf
19. *Приказните за Балтичкиот пат*, https://www.thebalticway.eu/en/history/
20. *Путин ја обвинува Европа дека го игнорира нацизмот на Балтикот, Дојче Веле*, 2007, https://www.dw.com/en/putin-accuses-europe-of-ignoring-nazism-in-the-baltics/a-2817872
21. *Резолуција на Европскиот парламент од 19 септември 2019 за важноста на европското сеќавање за иднината на Европа*, https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2019-0021_EN.html
22. Рот Ендру, *Молотов-Рибентроп: зошто Москва се обидува да го оправда нацистичкиот пакт?*, Гардијан, 2019, https://www.theguardian.com/world/2019/aug/23/moscow-campaign-to-justify-molotov-ribbentrop-pact-sparks-outcry
23. Снајдер Тимоти, *Кога Сталин му беше сојузник на Хитлер*, Еврозин, 2015, retrieved from: https://www.eurozine.com/when-stalin-was-hitlers-ally/
24. Снор Едвин, *Советската приказна* (извадок), 2008, https://www.youtube.com/watch?v=oFTtuHxxBLo
25. Тилс Фатима, *30 години откако го призна масакрот врз полските воени заробеници во Втората светска војна, Русија ги отстрани меморијалните плочи за настанот*, Полиграф, 2020, https://www.polygraph.info/a/katyn-poland-russia/30601790.html
26. *Устав на Република Полска од 1935 година*, http://libr.sejm.gov.pl/tek01/txt/kpol/e1935-spis.html
27. History.com, *Германија безусловно им се предава на сојузниците во Ремс*, https://www.history.com/this-day-in-history/germany-surrenders-unconditionally-to-the-allies-at-reims

## Учебници (подредени хронолошки)


1. Шестанова А. (ур.), *Историја на СССР – Краток курс*, Завод за учебници на Народна Република Србија, Белград, 1948
2. Димевски Ј., Кушевски В., *Историја за осмо одделение*, Просветно дело, Скопје, 1969
3. Димевски Ј., Кушевски В., *Историја за осмо одделение (трето издание)*, Просветно дело, Скопје, 1972
4. Димевски Ј., Кушевски В., *Историја за осмо одделение (трето издание)*, Просветно дело, Скопје, 1982
5. Апостолов А., Цветковски Б., Глигоров Ѓ., *Историја за четврта година на гимназиите (општа насока)*, Скопје, 1983
6. Димевски Ј., Кушевски В., *Историја за осмо одделение*, Просветно дело, Скопје, 1984
7. Маневски И., *Историја за осмо одделение (второ издание)*, Просветно дело, Скопје, 1990
8. Велјановски Н. и др., *Историја за осмо одделение*, Просветно дело, Скопје, 1992
9. Младеновски С. и др., *Историја за четврта година на гимназиите (општа и јазична насока)*, Просветно дело, Скопје, 1992
10. Велјановски Н. и др., *Историја за осмо одделение (второ издание)*, Просветно дело, Скопје, 1998
11. Димитријевски М., Гонева-Јанчева Љ., Сарова-Мирчевска К., *Историја за трета година*, Македонска искра, Скопје, 2003
12. Ристовски Б. и др., *Историја за осмо одделение*, АЛБИ, Скопје, 2005
13. Велјановски Н. и др., *Историја за трета година на гимназиите*, Просветно дело, Скопје, 2006
14. Ристовски Б. и др., *Историја за трета година на гимназиите*, АЛБИ, Скопје, 2006
15. Ристовски Б. и др., *Историја за деветто одделение*, АЛБИ, Скопје, 2016
16. Велкоски В. и др., *Историја за деветто одделение (шесто издание)*, Просветно дело, Скопје, 2017
17. Ристовски Б. и др., *Историја за трета година на гимназиите*, АЛБИ, Скопје, 2019